

**1952** - По конституирањето на Народниот одбор на град Скопје во 1952 година, управувањето на скопските пазари премина во негова надлежност. Со цел подобро да ја регулира управата со пазарите во Скопје, Народниот одбор на 9 мај истата година донесе решение за основање Управа на пазарите во Скопје. Со тоа практично беа удрени темелите на современиот Скопски пазар.

**1953** - Поради започнатата модернизација Собранието на град Скопје донесе одлука на Скопски пазар да му се додели зграда и два компресора-ладилници.

**1954** - Скопски пазар гради покриен павилјон со вградени тезги. До крајот на годината се изградени седум павилјони - секој со по 40 продажни места.

**1956** - Скопски пазар премина на самостојно финансирање, со што доби белези на самостојна комунално-стопанска организација. Во оваа насока, Скопски пазар организираше сопствен занаетчиски погон (составен од разновидни профили на кадри за столарска, браварска, молерска, транспортна и градежна дејност) кој имаше задача да ги одржува постојните основни средства и градежни објекти и да врши изградба на објекти во сопствена режија. Оваа година на Скопски пазар му беше доделено и

управувањето со Скопската градска плажа (с      è до 1958). Оваа година за Скопски пазар беше пресвртница во целокупната деловна политика. Имено, Скопски пазар ја прифати ориентацијата за градење на микро-пазари, односно продавници. До крајот на 1956 година беа изградени вкупно 18 вакви микро-пазари-продавници. Кон крајот на оваа година започна изградбата на Кванташки пазар во Скопје, со основна дејност набавка и продажба на селско-стопански производи - зеленчук и овошје.

**1958** - Секретаријатот за стопанство на Народниот одбор на град Скопје изврши регистрација на Управата на пазарите и го впиша во регистарот на државните стопански установи со статус на самостојно финансирање, под надлежност на Народниот одбор на град Скопје.

**1961** - Народниот одбор на Скопската околија го пренесе правото на основач на Управата на градски пазари врз Народниот одбор на Општина Кале, за наредните четири години. Оваа година Кванташки пазар го доби својот конечен лик.

**1963** - Земјотресот на 26 јули 1963 година го запре нагорниот од на градот и го стави Скопски пазар пред низа значајни обврски и искушенија во поглед на обезбедувањето на градот со свежи земјоделски и други потребни артикли. Непосредно по земјотресот е изграден, а подоцна и доградени со блок на продавници пазарот во населбата Шуто Оризари.

**1964** - Изграден е новиот реонски снабдувачки центар Ѓорче Петров I.

**1965** - Управата за пазари од статус на установа се трансформира во претпријатие.

**1966** - Во Окружниот стопански суд во Скопје, во регистарот на Стопанските претпријатија, претпријатието е запишано како комунално претпријатие за пазари Скопски пазар - Скопје. Со ова решение во надлежност на комуналното претпријатие Скопски пазар се дадени сите дејности, и тоа: управување со пазарите и пазаришните објекти, со панаѓурите, добиточните саеми, со сите згради што му се доделени или што ќе му бидат доделени или што самостојно ќе ги гради, како и грижа за спроведување на пазарниот, панаѓурскиот и саемскиот ред и за извршување на приходите кон финансискиот план и кон другите акти.

**1967** - Се прошируваат дејностите на комуналното претпријатие Скопски пазар, кое сега извршува и занаетчиски услуги на трети лица преку занаетчиската работилница што работи како посебна работна единица. Во оваа година доаѓа до дислокација на сточниот пазар од Чаир во приградската населба Трубарево.

**1968** - Комуналното претпријатие Скопски пазар ја проширува својата дејност со промет и посредување на промет во пазарите, панаѓурите и добиточните пазари. Оваа година се донесе Урбанистичкиот план на град Скопје, со чија практична реализација за Скопски пазар настапи период на прилагодување на старите објекти и на градење нови објекти, како и на дислокација на одделни објекти.

**1969** - Новата модернизација на Скопски пазар налагаше и ново организационо преструктурирање. Поради тоа оваа година се оформуваат нови работни единици, и тоа: 1) пазари; 2) одржување, реконструкција и изградба; 3) деловни простории; и 4) заеднички служби.

**1970** - Беше изграден снабдувачкиот центар во Драчево.

**1972** - Беа предадени во употреба снабдувачките центри во Тафталиџе и во Чаир, а беа изградени и самопослугата во Автокоманда, како и магацините во Трубарево и водоводот.

**1973** - Се градат дуќаните на булевар Крсте Мисирков, а најголемиот скопски пазар - Бит-пазар се асфалтира.

**1974** - Комуналната организација за пазари се пререгистрира во Комунална организација на здружен труд Скопски пазар. Со тоа Скопски пазар во правниот промет со трети лица самостојно истапува во свое име и со целосна одговорност. Се прелоцира Буњаковец поради уривање на постојните објекти. Изградено е малото пазарче во Ѓорче Петров II.

**1975** - Изграден е снабдувачкиот центар Бутел I.

**1979** - Комуналната организација на здружен труд Скопски пазар - Скопје преминува во Работна организација за пазари и промет Скопски пазар - Скопје. Со тоа основни дејности на РО Скопски пазар се услугите во областа на прометот, а споредни дејности се: трговијата на мало и трговијата на големо со прехранбени и непрехранбени производи, патниот сообраќај, превозот на стоки во патниот сообраќај, нискоградбата и хидроградбата, изградбата на останати објекти на нискоградбата.



**1984** - Со решение на Окружниот стопански суд - Скопје, како деловни единици се евидентирани продавниците со кои Скопски пазар ја врши споредната дејност - трговија на мало со прехранбени и непрехранбени производи.

**1989** - Поради усогласување со Законот за претпријатија, Работната организација за пазари и промет Скопски пазар, се регистрира во судскиот регистар како Претпријатие за услуги во промет и трговија Скопски пазар.

**1990** - Со решение се врши промена на фирмата со запишување право на вршење работи од надворешнотрговски промет и понатаму се евидентира како Претпријатие во општествена сопственост за услуги во промет и трговија Скопски пазар, извоз-увоз, Ц.О. Скопје.

**1991** - Поради настанатите статусни промени, кои се извршени согласно со  Законот за општествен капитал, Претпријатието во општествена сопственост за услуги и промет во трговија Скопски пазар, извоз-увоз, Ц.О. Скопје во судскиот регистар се евидентира како Скопски пазар, Акционерско друштво во мешовита сопственост за услуги во промет и трговија, извоз-увоз, Ц.О. Скопје.

**1995** - Со решение се извршени промени во проширувањето на дејностите од внатрешен и надворешен промет. Со ова решение Скопски пазар А.Д. Скопје ги извршува следните дејности: услуги во областа на прометот; други финансиски организации - менувачници; неспоменати услуги - шпедиција; трговија со 27 подгрупи од трговија на мало со прехранбени и непрехранбени производи и трговија на големо со прехранбени и непрехранбени производи; друмски сообраќај; градежништво со две подгрупи - нискоградба и високоградба; туристичко посредување со две подгрупи; угостителство со 3 подгрупи; комунална дејност (изнесување, депонирање и преработка на отпадоците); надворешна трговија со 4 подгрупи.

**1998** - Беше пуштен во работа првиот супермаркет на Скопски пазар - СП маркет во Тафталиџе. Истата година се отвори и СП маркетот на Стара Рампа.

**1999** - Се отворија три нови супермаркети: СП маркет во Центар, СП маркет на Зелен Пазар и СП маркет во Автокоманда.

**2000** - Се отвори СП маркет во Чаир.

**2001**, декември - Беше усвоен новиот статут на А.Д. Скопски пазар. Синџирот на супермаркети продолжи да се шири, односно се отворија 3 нови супермаркети - СП маркет во населбите Аеродром, Карпош 2 и Кисела Вода.

**2002**, јануари - Скопски пазар А.Д. за услуги во прометот и трговија извоз-увоз Скопје се пререгистрира во Скопски пазар, Акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз Скопје. Во март истата година беше пуштен во работа СП маркет во Бутел, во близина на пазарот.

**2003** - Синџирот на супермаркети продолжи да се шири. Се отворија 2 нови супермаркети - СП маркет во нас. Драчево и СП маркет Расадник во Кисела Вода.

**2004** - Се отвори уште еден СП маркет Чешма, во населбата Кисела Вода. Истата година компанијата почна да ја развива трговијата на мало по однос на маркетите во два правци. Така, покрај постоечкиот синџир на СП маркети, започна да се отвора синџирот на дисконти Макси Д. До крајот на годината беа отворени Макси Д дисконти во Кисела Вода, Тафталиџе и Чаир, на местото на постоечките СП маркети.

**2005** - Продолжи ширењето на синџирот на дисконти Макси Д. Се отворија 6 Макси Д дисконти, од кои три - на местото на постоечките СП маркети во Аеродром, Чешма и Автокоманда, а останатите три - на нови локации, и тоа: два дисконти во населбите Капиштец и Шуто Оризари и еден дисконт надвор од Скопје - во Охрид. Истата година се отвори и центарот за убавина Unique на местото на СП маркетот во строгиот центар на градот.

**2006** - Во јуни Скопски пазар, како ексклузивен застапник на словенечката компанија ODEJA, која нуди широк асортиман на антиастматични и антиалергиски перници, јоргани и прекривки, отвори специјализирана продавница во строгиот центар на градот. Во декември се отвори нов Макси Д дисконт во Кавадарци.

**2007** - На 9 мај компанијата ја прослави 55-годишнината од своето основање. Истиот месец беше отворен дисконт Макси Д во Охрид, единаесеттиот по ред во синџирот на

дисконти на компанијата, како и втор дисконт во овој град. Во јули се отвори нов дисконт во Скопје, во населбата Мичурин. На 15 септември во Кавадарци се отвори ресторанот Александрија. На 26 септември почнаа со работа три продавници од новиот малопродажен ланец Бонус плус. На 26 декември истата година се отвори досега најголемиот наш маркет - СП маркет во Ресен.

**2008** - Центарот за убавина Unique по втор пат ја доби наградата за најдобра парфимерија, а дисконтот Макси Д Тафталиџе ја доби наградата за најдобар продажен објект на манифестацијата „Месец на трговијата“. На 16.07.2008 година почна со работа тринаесеттиот по ред Макси Д дисконт во Прилеп. Во тој период почна со работа и четвртиот по ред Бонус плус на Зелен пазар. На 17.12.2008 година Скопски пазар го отвори својот прв деловно-трговски објект „СП Планет“. Во склопот на „СП Планет“ се отвори уште еден центар за убавина „ Unique“, како и специјализираната детска про давница „
SuperKids
“, прва и единствена од овој тип.

**2009** - На 25.11.2009 година започна со работа седмиот по ред СП маркет во Куманово. Истиот е лоциран во Т.Ц. Сума. Покрај новиот СП маркет, во Т.Ц. Сума започна со работа и третиот по ред центар за убавина " Unique".Во месец декември истата година СП Планет прослави 1 година успешно работење. Скопски пазар се рангираше на 38. место во економската едиција „200 најголеми“, во издание на
Capital Media Group
. На 30.11.2009 година започна со работа првиот СОС маркет во сопственост на Скопски пазар, кој е наменет за социјално загрозените групи на граѓани. Скопски пазар е една од дваесет и петте компании што го доби престижното признание "
Superbrands
". Скопски пазар ја создаде првата интернет страница за on-line пазарење –
www.
doma.com.mk


Mr.Bricolage

[illegible]